СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# Пропорционалниот изборен систем во една изборна единица наспроти пропорционалниот изборен систем во повеќе изборни единици
## - студија -

**Дејан Димитриевски**
раководител на Одделението за едукација и комуникација

изработено март 2017 година, ревидирано август 2020 година

# СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ ..... 2

ВОВЕД ..... 4

I. ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ ..... 5

II. ТИПОВИ НА ИЗБОРНИ СИСТЕМИ КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ ..... 7

III. ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 2002 ДО 2020 ГОДИНА ..... 9

III.1. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година ..... 9

III.2. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2016 година ..... 11

III.3. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2014 година ..... 12

III.4. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2011 година ..... 13

III.5. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2008 година ..... 14

III.6. Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2006 година ..... 16

III.7. Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2002 година ..... 17

III.8. Споредба на добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во Република Северна Македонија со резултатите од одржаните парламентарни избори од 2002 година до денес ..... 19

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 21

**РЕЗИМЕ**

Предмет на оваа студија претставуваат пропорционалните изборни системи, нивната примена во земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ, како и ефектите од употребата на различни по големина изборни единици во рамките на еден пропорционален систем (една наспроти повеќе изборни единици).

Според **моделот на пропорционално застапување**, претставничките места се распределуваат во согласност со освоените гласови, односно **секоја партија е застапена во претставничкиот дом во пропорција со делот на добиените гласови** од електоратот. Со други зборови, секоја партија добива онолкав процент на претставнички мандати кој е пропорционален со процентот на гласови кои партијата ги освоила за време на изборите.

**Големината на изборна единица** се однесува на **бројот на пратенички мандати** кои се доделени на една изборна единица. Од аспект на големината, постои широк спектар на варијации, од тоа **целата земја да претставува една изборна единица** до тоа земјата да биде поделена на **повеќе помали изборни единици** кои ќе носат по одреден број на мандати. Кога територијата на една земја е поделена на повеќе помали изборни единици, се поттикнуваат поцврсти врски помеѓу кандидатите и локалните заедници. Колку има повеќе изборни единици, односно изборните единици се помали по површина, реалниот праг за влез на партиите во парламентот е повисок, што подразбира дека е прилично тешко за помалите партии да влезат во парламентот. Од друга страна, во случаите кога имаме помалку поголеми изборни единици или кога целата територија на една земја е една изборна единица, се поттикнува поголема пропорционалност на распределбата на мандатите, како и поголема застапеност на различните идеи и гледишта во општеството.

Пропорционалниот изборен систем е **најчесто користен изборен систем помеѓу земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ**. Од вкупно 32 земји, **28 земји користат пропорционален изборен систем**, две земји користат мнозински, додека пак во три земји се употребува мешовит изборен систем. Во повеќето земји во кои се употребува пропорционалниот изборен систем со партиски листи, територијата на државата е поделена на повеќе изборни единици. Единствено во случаите на Холандија, Црна Гора, Србија и Словачка, територијата на целата држава претставува една изборна единица.

Пропорционален изборен систем со партиски листи се применува при изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија почнувајќи од парламентарните избори во 2002 година.

За потребите на истражувачката работа беше направена **симулација од страна на авторот** на освоените пратенички мандати на парламентарните избори, почнувајќи од 2002 година па наваму, со употреба на D’Hondt изборната формула за пресметување на резултатите, со тоа што територијата на Република Северна Македонија беше земена како една изборна единица, наместо постоечките шест.

Споредувајќи ги добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во Република Северна Македонија во случај кога територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, наместо постоечките

шест, со резултатите од одржаните парламентарни избори од 2002 година до денес, можат да се забележат следниве трендови:

- во сите случаи освен во еден, **бројот на политички партии/коалиции** кои би освоиле барем еден пратенички мандат во Собранието на Република Северна Македонија **би се зголемил**, односно **повеќе политички партии/коалиции би успеале да влезат во Собранието**; единствено во 2008 година бројот на политички партии/коалиции би останал ист;
- **најголемо разликување** во однос на бројот на политички партии/коалиции кои би освоиле барем еден пратенички мандат има **во 2011 година** (дополнителни пет политички партии/коалиции би освоиле барем еден пратенички мандат), додека **најмало разликување** има **во 2008 година** (бројот би останал ист);
- во сите случаи **конечната распределба на пратеничките мандати** помеѓу политичките партии/коалиции **се разликува од оригиналната**; најголемо разликување има во 2011 година (девет мандати кои ѝ припаднале на една партија/коалиција, би ѝ припаднале на друга), додека најмало има во 2008 година (само три мандати);
- во сите случаи освен во еден, **бројот на пратенички мандати освоени од малите партии се зголемува на сметка на пратеничките мандати освоени од големите партии**; само во 2008 година разликата останува иста;
- во ниту еден од случаите **победничката партија/коалиција** (партијата/коалицијата која освоила најмногу пратенички мандати) **не би ја изгубила својата водечка позиција**;
- **само во еден случај имаме промена на позициите помеѓу две политички партии/коалиции** во однос на освоените пратенички мандати: тоа е случајот во 2006 година ВМРО-НП би имала еден мандат повеќе од НСДП (осум наспрема седум), наместо да имаат еден мандат помалку (шест спрема седум).

## ВОВЕД

Предмет на оваа студија претставуваат пропорционалните изборни системи, нивната примена во земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ, како и ефектите од употребата на различни по големина изборни единици во рамките на еден пропорционален систем (една наспроти повеќе изборни единици). Во првиот дел од студијата ќе бидат објаснети главните карактеристики на пропорционалните изборни системи, разликите помеѓу видовите на пропорционални системи, како и ефектите кои произлегуваат од примената на различни типови на изборни единици. Вториот дел ќе се занимава со примената на изборните системи во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ, со осврт на земјите во кои се применува пропорционалниот изборен систем со партиски листи во однос на големината на нивните изборни единици. Во третиот дел ќе се разгледува досегашното искуство со примената на пропорционалниот изборен систем со партиски листи при изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, од аспект на ефектите од големината на изборните единици врз распределбата на пратеничките мандати.

За потребите на третиот дел на истражувачката работа ќе биде направена **симулација од страна на авторот** на освоените пратенички мандати од парламентарните избори, почнувајќи од 2002 година па наваму, со употреба на D'Hondt изборната формула за пресметување на резултатите, со тоа што територијата на Република Северна Македонија ќе претставува една изборна единица, наместо постоечките шест. Потоа ќе се направи споредба на распределбата на мандатите со цел да се види дали и за колку би се разликувале освоените мандати од страна на партиите доколку територијата на Република Северна Македонија би претставувала една изборна единица. Распределбата на мандатите би се разгледувала во однос на три аспекти: 1) разлика во бројот на политички партии/коалиции кои би влегле во Собранието на Република Северна Македонија, односно би освоиле барем еден пратенички мандат; 2) разлика во конечната распределба на мандати, односно бројот на мандати кои и припаднале на една партија/коалиција, а би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест; и 3) разлика во бројот на мандати освоени од страна на големите партии наспроти бројот на мандатите освоени од малите партии.

Треба да се напомене дека при симулацијата ќе бидат земени во предвид само гласовите и мандатите освоени на територијата на Република Северна Македонија (во шесте изборни единици), без гласовите и мандатите освоени во изборните единици надвор од територијата на Република Северна Македонија. Во рамките на истражувањето ќе биде направено разграничување на политичките партии на големи и мали. За големи ќе бидат сметани они политички партии односно предизборни коалиции кои на дадени избори имаат освоено пет или повеќе пратенички мандати, односно имаат можност самостојно да формираат пратеничка група во Собранието на Република Северна Македонија[1], додека за мали ќе се сметаат оние кои имаат освоено помалку од пет пратеника.

[1] Согласно членот 33 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, една пратеничка група ја сочинуваат најмалку пет пратеника.

Оваа студија е изработена **по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт*.

Студијата е изработена во март 2017 година, а е дополнета во август 2020 година за да се вклучат резултатите од предвремените парламентарни избори одржани на 15 јули 2020 година.

## I. ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Според **моделот на пропорционално застапување**, претставничките места се распределуваат во согласност со освоените гласови, односно **секоја партија е застапена во претставничкиот дом во пропорција со делот на добиените гласови од електоратот**[2]. Со други зборови, секоја партија добива онолкав процент на претставнички мандати кој е пропорционален со процентот на гласови кои партијата ги освоила за време на изборите.

**Најчесто употребуван тип** на пропорционален изборен систем претставува **пропорционалниот систем со партиски листи**. Според овој изборен систем, секоја партија која учествува на изборите нуди своја листа на кандидати. Бројот на кандидатите на секоја листа е еднаков на бројот на мандатите кои се достапни во изборната единица. По завршувањето на гласањето, бројот на мандатите кои секоја партија ќе ги добие се пресметува според една од изборните формули, односно секоја партија добива онолку места во претставничкиот дом во пропорција со нејзините изборни резултати.

**Главната идеја позади примената на пропорционалните изборни системи е дека, пред сѐ, дистрибуцијата на мандатите треба да е во пропорција со изборните резултати.**

Главната идеја позади примената на пропорционалните изборни системи е дека, пред сѐ, дистрибуцијата на мандатите треба да е во пропорција со изборните резултати. Најзначајната карактеристика на пропорционалните изборни системи со партиски листи е **поттикнувањето на формирањето на повеќепартиски системи**, што многу често доведува до формирање на коалиции и коалициони влади. Од една страна, ова се смета како предност бидејќи повеќепартиските системи и формирањето на широки коалициони влади водат кон застапеност на интересите на многу различни групи во општеството во рамките на парламентот и во владата. Од друга страна, тоа може да се смета и како недостаток на изборниот систем, со оглед на тоа дека големиот број на партии и широките владини коалиции често знаат да доведат до дестабилизација на политичката

[2] Силјановска-Давкова, Гордана, *„На патот на распределбата на изборните мандати - изборни модели“*, во *„Конституционализам, универзализам и демократија“*, Ротердам, 1999, стр. 3

сцена, како и формирање на нестабилни влади кои имаат проблем ефективно да носат значајни одлуки.[3]

Постојат **огромен број на варијации на пропорционалните изборни системи**. Главната разлика според која се диференцираат различните пропорционални системи претставува **изборната формула**, односно **начинот по кој се врши распределбата на мандатите** во зависност од изборните резултати. Покрај изборната формула, постојат и други фактори според кои се диференцираат различните пропорционални изборни системи, како што се: **големината на изборната единица**; **типот на избирачките листи** (отворени или затворени) и **изборниот праг** - минимумалниот процент од вкупните гласови кој една партија мора да ги освои за да обезбеди место во претставничкиот дом.

За оваа студија од особена важност е големината на изборната единица. **Големината на изборна единица** се однесува на **бројот на пратенички мандати** кои се доделени на една изборна единица. Од аспект на големината, постои широк спектар на варијации, од тоа **целата земја да претставува една изборна единица** до тоа земјата да биде поделена на **повеќе помали изборни единици** кои ќе носат по одреден број на мандати.[4]

**Големината на изборна единица се однесува на бројот на пратенички мандати кои се доделени на една изборна единица.**

Кога територијата на една земја е поделена на повеќе помали изборни единици, се поттикнуваат поцврсти врски помеѓу кандидатите и локалните заедници. Колку има повеќе изборни единици, односно изборните единици се помали по површина, реалниот праг за влез на партиите во парламентот е повисок, што подразбира дека е прилично тешко за помалите партии да влезат во парламентот. Од друга страна, во случаите кога имаме помалку поголеми изборни единици или кога целата територија на една земја е една изборна единица, се поттикнува поголема пропорционалност на распределбата на мандатите, како и поголема застапеност на различните идеи и гледишта во општеството. Кога целата територија на земјата е една изборна единица, бројот на гласови потребни за една партија да освои мандат е прилично низок, со што им се дава шанса и на малите политички партии да влезат во парламентот, односно се овозможува во парламентот да бидат застапени поголем број на партии. Како недостаток на употребата на изборен систем во кој целата територија на земјата претставува една изборна единица, се смета значителното ослабување на врската помеѓу пратениците и гласачите, како резултат на географската пространетост. Дополнително, се намалува улогата на локалните интереси во политиката, како и директната одговорност на пратениците кон гласачкото тело.[5]

---

[3] Сартори, Џовани, *„Компаративен конституционален инженеринг: Преглед на структурите, мотивацијата и исходите“*, Њујорк, 1997, стр. 58-59
[4] *District Magnitude and Political Parties*, The Electoral Knowledge Network, 2012, достапно на: http://aceproject.org/ace-en/topics/pc/pcc/pcc04/pcc04a (пристапено на 15.03.2017)
[5] Ибид (пристапено на 15.03.2017)

## II. ТИПОВИ НА ИЗБОРНИ СИСТЕМИ КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

**Пропорционалниот изборен систем е најчесто користен изборен систем помеѓу земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ**. Од вкупно 32 земји, **28 земји користат пропорционален изборен систем**, една користи мнозински, додека пак во три земји се употребува мешовит изборен систем.

*Графикон 1: Тип на изборен систем користен во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ*[6]




Од 28 земји кои користат пропорционален изборен систем, сите освен два употребуваат одредена варијанта на пропорционалниот изборен систем со партиски листи. Како исклучок, во Малта и во Република Ирска се користи пропорционалниот систем на поединечен пренослив глас[7]. **Во повеќето земји** во кои се употребува пропорционалниот изборен

**Единствено во случаите на Холандија, Црна Гора, Србија и Словачка, територијата на целата држава претставува една изборна единица.**

[6] Податоците за изборните системи во земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ се преземени од датабазите на Интерпарламентарната унија (http://www.ipu.org/parline-e/parlinelist.asp) и Меѓународната фондација за изборни системи (http://www.electionguide.org/countries/).

[7] Системот на поединечен пренослив глас користи преференцијално гласање во неколку повеќемандатни изборни единици. Многу автори сметаат дека системот на поединечен пренослив глас е еден од најкомплицираните изборни системи што се употребува денеска.

систем со партиски листи, **територијата на државата е поделена на повеќе изборни единици**. Единствено во случаите на **Холандија, Црна Гора, Србија и Словачка**, територијата на целата држава претставува **една изборна единица**. Бројот на изборни единици на кои е поделена територијата на една држава варира значително од еден случај до друг. Така на пример, во случајот на Луксембург има четири изборни единици, во Летонија пет, додека пак во Грција 56, а најмногу има во Турција, вкупно 79 изборни единици. Дополнително, треба да се напомене дека од трите држави кои применуваат мешовит изборен систем, во две од нив, Унгарија и Литванија, во рамките на пропорционалната компонента на изборниот систем, територијата на целата држава претставува една изборна единица, за разлика од Германија во која територијата на државата е поделена на повеќе изборни единици.

*Графикон 2: Варијанта на пропорционалниот изборен систем користен во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ*[8]




[8] Податоците за изборните системи во земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство во ЕУ се преземени од датабазите на Интерпарламентарната унија (http://www.ipu.org/parline-e/parlinelist.asp) и Меѓународната фондација за изборни системи (http://www.electionguide.org/countries/).

## III. ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 2002 ДО 2020 ГОДИНА

Пропорционален изборен систем со партиски листи се применува при изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија почнувајќи од парламентарните избори во 2002 година. Согласно изборното законодавство[9], од територијата на Република Северна Македонија се избираат 120 пратеници, при што територијата е поделена на шест изборни единици и во секоја се избираат по 20 пратеници. Во 2011 година беше воведено таканареченото „гласање на дијаспората", со додавање на дополнителни три изборни единици надвор од територијата на Република Северна Македонија (седмата во Европа и Африка, осмата во Северна и Јужна Америка и деветтата во Австралија и Азија), од кои се избираше по еден пратеник во секоја, со примена на изборниот систем со плурално мнозинство. Во 2016 година, со донесените измени на Изборниот законик, трите изборни единици надвор од територијата на Република Северна Македонија беа обединети во една (седма) изборна единица, при што од таа изборна единица се избираат до три пратеника со помош на пропорционалниот систем, со тоа што изборот на овие пратеници е условен со освојување на потребен број на гласови (за секој пратеник кандидатската листа во седмата изборна единица треба да освои најмалку онолкав број на гласови со колку што е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во Република Северна Македонија на последните парламентарни избори).

За потребите на истражувачката работа беше направена **симулација од страна на авторот** на освоените пратенички мандати на парламентарните избори, почнувајќи од 2002 година па наваму, со употреба на D'Hondt изборната формула за пресметување на резултатите, со тоа што територијата на Република Северна Македонија беше земена како една изборна единица, наместо постоечките шест.

### III.1. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година

Во 2020 година Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 15 јули 2020 година и на нив гласаа вкупно 943.750 избирачи или 52,02% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[10] **вкупно шест партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од СДСМ, 46 мандати, потоа следуваше коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 44 мандати, ДУИ со 15 мандати, коалицијата Алијансата за Албанците и Алтернатива со 12 мандати, Левица со два мандати, додека ДПА освои еден мандат. Доколку се направи симулација на изборните

[9] Изборен законик („Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35,18, 99/18, 140/18/ 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20)

[10] Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, одржани на 15 јули 2020 година, Државна изборна комисија, достапен на: https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=d17aee98-aceb-4a94-8fc3-60be347e14bc (пристапено на 11.08.2020)

резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле седум партии или коалиции наместо шесте кои успеаја да влезат. Во тој случај еден пратенички мандат би успеала да освои Интегра. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од СДСМ би се намалил за еден и би изнесувал 45 мандати. По еден мандат би изгубиле и следните три партии или коалиции, односно бројот на мандати на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ би изнесувал 43 мандати, на ДУИ 14 мандати, додека на коалицијата Алијансата за Албанците и Алтернатива би изнесувал 11 мандати. Најголема промена имаме во бројот на мандати на Левица, кој би се зголемил за три и би изнесувал пет пратеника, додека бројот на мандати на ДПА би останал ист и би изнесувал еден мандат.

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за четири мандати**, односно четири пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 117 мандати наспроти три мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, тогаш големите партии би загубиле четири мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 113 мандати наспроти седум мандати на малите партии.

*Графикон 3: Парламентарни избори во 2020 година*



### III.2. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2016 година

Во 2016 година Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 11 декември 2016 година и на нив гласаа вкупно 1.191.852 избирачи или 66,79% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[11] **вкупно шест партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 51 мандати, потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 49 мандати, ДУИ со десет мандати, Движењето БЕСА со пет мандати, Алијансата за Албанците со три мандати, додека ДПА освои два мандати. Доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле девет партии или коалиции наместо шесте кои успеаја да влезат. Во тој случај по еден пратенички мандат би освоиле Левица и Коалицијата за промени и правда – Трет блок, додека ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП) би освоила два мандати. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ би се намалил за три и би изнесувал 48 мандати, на СДСМ би се намалил за два и би изнесувал 47 мандати, на ДУИ би се намалил за еден и би изнесувал девет мандати, на БЕСА би се зголемил за еден и би изнесувал шест мандати, на Алијансата за Албанците би останал ист и би изнесувал три мандати, додека на ДПА би се зголемил за еден и би изнесувал три мандати.

*Графикон 4: Парламентарни избори во 2016 година*




[11] Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/content/%D0%98%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/Izvestaj-Izbori%20dekemvri%202016.pdf (пристапено на 15.02.2017)

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за шест мандати**, односно шест пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 115 мандати наспроти пет мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, тогаш големите партии би загубиле пет мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 110 мандати наспроти десет мандати на малите партии.

### III.3. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2014 година

Во 2014 година Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 27 април 2014 година и на нив гласаа вкупно 1.120.744 избирачи или 62,96% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[12] **вкупно шест партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 58 мандати (плус три пратенички мандати од гласањето на дијаспората, кои за потребите на истражувањето не ги земаме во предвид), потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 34 мандати, ДУИ со 19 мандати, ДПА со седум мандати, додека Националната демократска преродба (НДП) и коалицијата ГРОМ освоија по еден мандат. Доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле девет партии или коалиции наместо шесте кои успеаја да влезат. Во тој случај по еден пратенички мандат би освоиле ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП), Коалицијата за позитивна Македонија и Достоинство за Македонија. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ би се намалил за три и би изнесувал 55 мандати, на СДСМ би се намалил за еден и би изнесувал 33 мандати, на ДУИ би се намалил за два и би изнесувал 17 мандати, на ДПА би останал ист односно седум мандати, на НДП би пораснал за еден мандат и би изнесувал два мандати, додека на ГРОМ би пораснал за два мандати и би изнесувал вкупно три мандати.

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за шест мандати**, односно шест пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 118 мандати наспроти два мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна

[12] Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/content/%D0%98%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/izveshtajpredvremeniparlamentarniizbori27.4.14.pdf (пристапено на 13.02.2017)

единица, тогаш големите партии би загубиле шест мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 112 мандати наспроти осум мандати на малите партии.

*Графикон 5: Парламентарни избори во 2014 година*




### III.4. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2011 година

Во 2011 година Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 5 јуни 2011 година и на нив гласаа вкупно 1.156.049 избирачи или 63,48% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[13] **вкупно пет партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 53 мандати (плус три пратенички мандати од гласањето на дијаспората, кои за потребите на истражувањето не ги земаме во предвид), потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 42 мандати, ДУИ со 15 мандати, ДПА со осум мандати, додека НДП освои два мандати. Доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле дополнителни пет партии или коалиции, односно вкупно десет партии или коалиции наместо петте кои успеаја да влезат. Во тој случај по еден пратенички мандат би освоиле Обединети за Македонија, Либерално-демократската партија (ЛДП) и Политичката партија Достоинство, два мандати би освоила Партијата за нова демократија (Демокрација Е Ре), додека ВМРО-НП би имала три мандати. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ би се намалил за четири и би изнесувал 49 мандати, на СДСМ би се намалил за еден

[13] Извештај за конечните резултати од спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 5 јуни 2011 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/izbori-2011.nspx (пристапено на 13.02.2017)

и би изнесувал 41 мандати, на ДУИ би се намалил за три и би изнесувал 12 мандати, на ДПА би се намалил за еден и би изнесувал седум мандати, додека на НДП би пораснал за еден мандат и би изнесувал три мандати.

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за девет мандати**, односно девет пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 118 мандати наспроти два мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, тогаш големите партии би загубиле девет мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 109 мандати наспроти 11 мандати на малите партии.

*Графикон 6: Парламентарни избори во 2011 година*




## III.5. Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2008 година

Во 2008 година Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 1 јуни 2008 година и на нив гласаа вкупно 1.015.164 избирачи или 57,06% од вкупниот број на гласачи. Според

резултатите од изборите[14] **вкупно пет партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 63 мандати, потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 27 мандати, ДУИ со 18 мандати, ДПА со 11 мандати, додека Партијата за европска иднина (ПЕИ) освои еден мандат. Интересно е тоа што доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија повторно би влегле истите пет партии или коалиции, односно ниту една друга партија или коалиција не би успеала да освои пратенички мандат. Единствено разлика би имало во распределбата на мандатите помеѓу партиите/коалициите. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ би останал ист и би изнесувал 63 мандати, на СДСМ би се зголемил за три и би изнесувал 30 мандати, на ДУИ би се намалил за два и би изнесувал 16 мандати, на ДПА би се намалил за еден и би изнесувал десет мандати, додека на ПЕИ би останал ист и би изнесувал еден мандат.

*Графикон 7: Парламентарни избори во 2008 година*




**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за три мандати**, односно три пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест). На овие избори големите партии освоија вкупно 119 мандати наспроти еден мандат освоен од малите партии.

[14] Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 1 – ви јуни 2008 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/izbori-2008.nspx (пристапено на 13.02.2017)

Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, тогаш големите и малите партии би имале ист број на мандати, различна би била само распределбата на мандатите помеѓу партиите/коалициите.

## III.6. Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2006 година

Во 2006 година Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 5 јули 2006 година и на нив гласаа вкупно 974.891 избирачи или 55,98% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[15] **вкупно осум партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 45 мандати, потоа следуваше коалицијата предводена од СДСМ со 32 мандати, коалицијата предводена од ДУИ со 17 мандати, ДПА со 11 мандати, Новата социјалдемократска партија (НСДП) со седум мандати, ВМРО-НП со шест мандати, додека Демократската обнова на Македонија (ДОМ) и ПЕИ освоија по еден мандат. Доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле дополнителни четири партии или коалиции, односно вкупно 12 партии или коалиции наместо осумте кои успеаја да влезат. Во тој случај по еден пратенички мандат би освоиле Земјоделската народна партија на Македонија, Партијата за економска обнова, Демократската алтернатива и Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ). Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ би се намалил за два и би изнесувал 43 мандати, на СДСМ би се намалил за два и би изнесувал 30 мандати, на ДУИ би се намалил за еден и би изнесувал 16 мандати, на ДПА би се намалил за два и би изнесувал девет мандати, на НСДП би останал ист и би изнесувал седум мандати, на ВМРО-НП би се зголемил за два и би изнесувал осум мандати, на ДОМ би се зголемил за еден и би изнесувал два, додека на ПЕИ би останал ист и би изнесувал еден мандат.

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за седум мандати**, односно седум пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 118 мандати наспроти два мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна

[15] Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%202006/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%20-%202006.pdf (пристапено на 14.02.2017)

единица, тогаш големите партии би загубиле пет мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 113 мандати наспроти 7 мандати на малите партии.

*Графикон 8: Парламентарни избори во 2006 година*




## III.7. Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2002 година

Во 2002 година Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се одржаа на 15 септември 2002 година и на нив гласаа вкупно 1.195.887 избирачи или 73,4% од вкупниот број на гласачи. Според резултатите од изборите[16] **вкупно седум партии или коалиции успеаја да освојат пратенички мандати** во Собранието. Најмногу мандати освои коалицијата предводена од СДСМ, 60 мандати, потоа следуваше коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 33 мандати, ДУИ со 16 мандати, ДПА со седум мандати, Партијата за демократски просперитет (ПДП) со два мандати, додека

[16] Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2002 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%202002/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%20-2002.pdf (пристапено на 14.02.2017)

Националната демократска партија (НДП) и Социјалистичката партија на Македонија (СПМ) освоија по еден мандат. Доколку се направи симулација на изборните резултати земајќи ја во предвид територијата на целата држава како една изборна единица, тогаш во Собранието на Република Северна Македонија би влегле дополнителни три партии или коалиции, односно вкупно десет партии или коалиции наместо седумте кои успеаја да влезат. Во тој случај по еден пратенички мандат би освоиле Демократската алтернатива, Демократскиот сојуз ВМРО-Македонска. Бројот на мандатите на победничката коалиција предводена од СДСМ би се намалил за пет и би изнесувал 55 мандати, на ВМРО-ДПМНЕ би останал ист и би изнесувал 33 мандати, на ДУИ би останал ист и би изнесувал 16 мандати, на ДПА би останал ист и би изнесувал седум мандати, на ПДП би останал ист и би изнесувал два мандати, додека на НДП и на СПМ би се зголемил за еден и би изнесувал по два мандати.

**Конечната распределба на пратеничките мандати** во Собранието на Република Северна Македонија **би се разликувала за пет мандати**, односно пет пратенички мандати кои и припаднале на една партија/коалиција би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест. На овие избори големите партии освоија вкупно 116 мандати наспроти четири мандати освоени од малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, тогаш големите партии би загубиле пет мандати во однос на малите, односно би имале вкупно 111 мандати наспроти девет мандати на малите партии.

*Графикон 9: Парламентарни избори во 2002 година*



### III.8. Споредба на добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во Република Северна Македонија со резултатите од одржаните парламентарни избори од 2002 година до денес

Споредувајќи ги добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во Република Северна Македонија во случај кога територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, наместо постоечките шест, со резултатите од одржаните парламентарни избори од 2002 година до денес, можат да се забележат следниве трендови:

- во сите случаи освен во еден, **бројот на политички партии/коалиции** кои би освоиле барем еден пратенички мандат во Собранието на Република Северна Македонија **би се зголемил**, односно **повеќе политички партии/коалиции би успеале да влезат во Собранието**; единствено во 2008 година бројот на политички партии/коалиции би останал ист;
- **најголемо разликување** во однос на бројот на политички партии/коалиции кои би освоиле барем еден пратенички мандат има **во 2011 година** (дополнителни пет политички партии/коалиции би освоиле барем еден пратенички мандат), додека **најмало разликување** има **во 2008 година** (бројот би останал ист);
- во сите случаи **конечната распределба на пратеничките мандати** помеѓу политичките партии/коалиции **се разликува од оригиналната**; најголемо разликување има во 2011 година (девет мандати кои и припаднале на една партија/коалиција, би и припаднале на друга), додека најмало има во 2008 година (само три мандати);
- во сите случаи освен во еден, **бројот на пратенички мандати освоени од малите партии се зголемува на сметка на пратеничките мандати освоени од големите партии**; само во 2008 година разликата останува иста;
- во ниту еден од случаите **победничката партија/коалиција** (партијата/коалицијата која освоила најмногу пратенички мандати) **не би ја изгубила својата водечка позиција**;
- **само во еден случај имаме промена на позициите помеѓу две политички партии/коалиции** во однос на освоените пратенички мандати: тоа е случајот во 2006 година ВМРО-НП би имала еден мандат повеќе од НСДП (осум наспрема седум), наместо да имаат еден мандат помалку (шест спрема седум).

Изработил: Дејан Димитриевски

Раководител на Парламентарниот институт,

---

м-р Златко Атанасов

*Табела 1: Споредба на добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во Република Северна Македонија со резултатите од одржаните парламентарни избори*

| **Година на одржување на парламентарните избори** | **Разлика во конечната распределба на мандати**[17] | **Број на политички партии/коалиции кои освоиле пратенички мандат** | | **Број на освоени мандати** | | **Број на освоени мандати доколку целата држава би била една изборна единица** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во реалност | Доколку целата држава би била една изборна единица | Големи партии | Мали партии | Големи партии | Мали партии |
| **2020** | **4** | **6** | **7** | **117** | **3** | **113** | **7** |
| **2016** | **6** | **6** | **9** | **115** | **5** | **110** | **10** |
| **2014** | **6** | **6** | **9** | **118** | **2** | **112** | **8** |
| **2011** | **9** | **5** | **10** | **118** | **2** | **109** | **11** |
| **2008** | **3** | **5** | **5** | **119** | **1** | **119** | **1** |
| **2006** | **7** | **8** | **12** | **118** | **2** | **113** | **7** |
| **2002** | **5** | **7** | **10** | **116** | **4** | **111** | **9** |

[17] Бројот на мандати кои й припаднале на една партија/коалиција, а би и припаднале на друга, доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постоечките шест

**ЛИСТА НА ИЗВОРИ**

1. Изборен законик („Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35,18, 99/18, 140/18/ 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20);

2. Извештај за конечните резултати од спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 5 јуни 2011 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/izbori-2011.nspx;

3. Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2002 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%202002/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%20-2002.pdf;

4. Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%202006/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%20-%202006.pdf;

5. Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 1 – ви јуни 2008 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/izbori-2008.nspx;

6. Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/content/%D0%98%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/Izvestaj-Izbori%20dekemvri%202016.pdf;

7. Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, одржани на 15 јули 2020 година, Државна изборна комисија, достапен на:

https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=d17aee98-aceb-4a94-8fc3-60be347e14bc;

8. Извештај за спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 27 април 2014 година, Државна изборна комисија, достапен на: http://www.sobranie.mk/content/%D0%98%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/izveshtajpredvremeniparlamentarniizbori27.4.14.pdf;

9. Официјална интернетска страна на Интерпарламентарната унија (http://www.ipu.org);

10. Официјална интернетска страна на Меѓународната фондација за изборни системи (http://www.electionguide.org);

11. Сартори, Џовани, „Компаративен конституционален инженеринг: Преглед на структурите, мотивацијата и исходите“, Њујорк, 1997, стр. 58-59;

12. Силјановска-Давкова, Гордана, „На патот на распределбата на изборните мандати - изборни модели“, во „Конституционализам, универзализам и демократија“, Ротердам, 1999, стр. 3;

13. District Magnitude and Political Parties, The Electoral Knowledge Network, 2012, достапно на: http://aceproject.org/ace-en/topics/pc/pcc/pcc04/pcc04a.